# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

8 август 2016 | Излегува по потреба | Година XI | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ТЕКОТ НА АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ШТЕТИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНАТА НЕПОГОДА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на информацијата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за текот на активностите поврзани со штетите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на вонредната седница одржана на ден 07.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3142/1**
**од 09.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата (вонредна) седница одржана на ден 07.08.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ТЕКОТ НА АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ШТЕТИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНАТА НЕПОГОДА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА**

1. Се усвојува информацијата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за текот на активностите поврзани со штетите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3004/2**
**од 07.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИИ ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на комисии за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на вонредната седница одржана на ден 07.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3142/2**
**од 09.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа(''Службен весник на РМ бр.5/02), член 143 од Законот за заштита и спасување (''Службен весник на РМ'' бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), точка 13 од Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди (''Службен весник на РМ бр.75/01), член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четириесет и осмата (вонредна) седница одржана на ден 07.08.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИИ ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се формираат привремени (ад хоц) комисии за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година, што го зафати подрачјето на општината.

**Член 2**

Вкупниот број на комисии е до 25 (дваесет и пет).

Вкупниот број на членови во комиситe е од 3 (три) - 5 (пет) члена.

Во комисиите од став 1 на овој член ќе членуваат претставници од општинската администрација, претставници од администрацијата на Град Скопје и претставници определени од Владата на Република Македонија, од редот на стручни и компетентни лица.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по добивање на предлози за членови на комисиите од претставници од општинската администрација, претставници од администрацијата на Град Скопје и претставници определени од Владата на Република Македонија, од редот на стручни и компетентни лица, да изготви поединечни решенија за именување на членови во комисиите.

**Член 4**

Комисиите од член 2 на оваа одлука се должни:

- Да извршат процена и утврдување на штетата на недвижни и движни ствари, согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди (''Службен весник на РМ бр.75/01) и Законот за проценка;

- Утврдувањето на висината на штетите на недвижни и движни ствари да го започне веднаш по донесувањето на решенијата за именување на членови во комисиите од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба, а најдоцна 30 дена од престанокот на елементарната непогода;

- Да изготват збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на недвижни и движни ствари (еден извештај за сите комисии), од елементарната непогода на ден 07.08.2016 година на подрачјето на општината и да го достави до Советот на општината на разгледување и одобрување;

- Изготвениот збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на недвижни и движни ствари, по разгледување и одобрување од Советот на општината, во рок од 360 дена од денот на престанокот на непогодата, да го достави до комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија;

- Да врши други работи согласно Законот за заштита и спасување и останатите законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 5**

Мандатот на членовите на комисиите е од привремен карактер и трае од денот на влегување во сила на решенијата од член 3 на оваа одлука, до денот на добивање на позитивно мислење/одобрување на збирниот извештај (елаборат) за проценетите штети од комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3004/3**
**од 07.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПОЧИНАТИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНАТА НЕПОГОДА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на семејствата на починатите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на вонредната седница одржана на ден 07.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3142/3**
**од 09.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата (вонредна) седница одржана на ден 07.08.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПОЧИНАТИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНАТА НЕПОГОДА НА ДЕН 06.08.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба одобрува еднократна парична помош во поединечен износ од 100.000,00 денари (со зборови:стоилјадиденари), на семејствата на починатите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3004/4**
**од 07.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на информацијата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за текот на активностите поврзани со штетите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за формирање на комисии за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба; . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за одобрување на еднократна парична помош на семејствата на починатите од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.09/16**
**48 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр. 2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци